**ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ**
**ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРЕКИН НА РАБОТА ПОРАДИ ПОЖАР,**
**КРШЕЊЕ МАШИНИ И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ**

**Примена на условите**
**Член 1**

(1) Овие Дополнителни услови за осигурување од прекин на работа поради пожар, кршење машини и некои други опасности ( во натамошниот текст: Дополнителни услови) заедно со Општите услови за осигурување имоти и Дополнителните услови за осигурување од пожар и некои други опасности, се составен дел на договорот за осигурување имот од пожар и други опасности со вклучен ризик прекин на работа, што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје.

(2) Овие Дополнителни услови за осигурување од прекин на работа поради пожар, кршење машини и некои други опасности соодветно се применуваат и на осигурувањето на имот од кршење машини и заедно со Општите услови за осигурување имоти и Дополнителните услови за осигурување машини од кршење и други опасности, се составен дел на договорот за осигурување имот од кршење машини со вклучен ризик прекин на работа, што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје.

**Условеност на осигурувањето од прекин на работа**
**со осигурувањето од опасноста од пожар и некои**
**други опасности и кршење машини**
**Член 2**

(1) Осигурување во смисла на овие услови може да се склучи само под услов претходно или истовремено да е склучено осигурување на имотот, и тоа на основните средства и непарични обртни средства од опасност од пожар и некои други опасности, или осигурување на основните средства од опасност од кршење машини и други опасности.

(2) Обврска за надомест на штета поради прекин на работа постои само тогаш ако постои обврска да се надомести материјалната штета по основот на осигурувањето од опасноста пожар и некои други опасности или по основот на осигурувањето од опасност од кршење машини.

(3) Ако престане да важи договорот за осигурување на имотот од пожар и некои други опасности, односно договорот за осигурување на имотот од кршење машини и други опасности, престанува да важи и договорот за осигурување склучен по овие услови.

**Способност за осигурување и опфат на осигурувањето**
**Член 3**

(1) Осигуреник може да биде секое правно лице запишано во трговскиот регистар кое обавува одредена стопанска дејност (производство) врз основа на кое остварува вкупен приход, утврдува и распоредува добивка, во согласност со законот.

(2) Осигуреникот од претходниот став е должен да го склучи ова осигурување за сите организациони единици на иста локација, без оглед дали се наоѓаат во одвоен

или единствен ризик. Доколку тоа не го направи, осигурувачот ќе го намали надоместокот пропорционално на опфатеноста, во согласност со односот на договорената сума на осигурување со онаа што требало да се договори за сите организациони единици на иста локација. Меѓутоа, пропорција нема да се применува доколку осигуреникот договори соодветен доплаток.

(3) Само доколку тоа посебно се договори, осигурувањето по овие услови може да се склучи само за одделни организациони единици (погон, профитна единица - центар и сл.) под услови да:

1) не се технолошки поврзани;

2) се наоѓаат во одвоен ризик;

3) обезбедуваат меродавна евиденција;

4) остваруваат вкупен приход врз основа на конкретни услови на стопанисување:

5) води посебна сметководствена евиденција, во која приходот, добивката и трошоците посебно се искажуваат.

**Осигурени опасности**
**Член 4**

(1) Според овие Дополнителни услови се осигурува прекинот на работа, до кој дошло поради уништување, оштетување или исчезнување на осигурениот имот од пожар или од други опасности наведени во член 2 од Дополнителните услови за осигурување од пожар и некои други опасности.

(2) Дали се остварил осигурениот ризик пожар или некој друг осигурен ризик се цени според Дополнителнителните услови за осигурување од пожар и некои други опасности.

(3) Доколку посебно се договори, според овие Дополнителни услови се осигурува и прекинот на работа, до кој дошло поради уништување или оштетување на осигурениот имот како последица на кршење машини и други опасности наведени во член 3 од Дополнителните услови за осигурување машини од кршење и други опасности.

**Предмет на осигурување**
**Член 5**

(1) Предмет на осигурување во смисла на овие Услови, можат да бидат:

1. добивката од редовно работење-нето добивка,

и, или

2. фиксните трошоци на работење на осигуреникот.

(2) Под добивка од редовно работење ( во натамошниот текст: нето добивка) се подразбира само износот на вкупните приходи реализирани од редовното деловно работење на Друштвото намалени за оперативните трошоци како што се трошоците на продадени производи или платите и амортизацијата/депрецијацијата. Во овој износ не се вклучени и вонредните приходи или расходи како приходи или трошоци за вложувања, камати, судски спорови, даноци и слично.

(3) Под фиксни трошоци се подразбираат само оние трошоци кои се фиксни и настануваат независно дали се обавува или не се обавува регистрираната дејност, а кои осигуреникот мора да ги сноси. Не се сметаат за фиксни трошоци оние трошоци кои се директно поврзани со обавувањето на стопанската дејност (производство), на пример како: трошоци на суровини и материјали, потрошена енергија и сл.

(4) Во посебни случаи со полисата може да се договори и осигурување на дополнителни трошоци. Под дополнителните трошоци се подразбираат нужни и разумни трошоци на товар на деловното работење на осигуреникот што ги надминуваат вкупните трошоци на осигуреникот во услови на нормално работење, а

кои настанале поради прекинот на работа, односно кои осигуреникот не би ги имал во услови на редовно работење, доколку не дошло до прекин на работата. Кои дополнитени трошоци ќе бидат предмет на осигурување и до кој износ се договара со полисата за осигурување.

**Период на покритие**
**Член 6**

(1) Период на покритие е договорено траење на обврската на осигурувачот да ја надомести штетата настаната заради прекин на работата, сметано од денот на настанување на осигурениот случај.

(2) Периодот на покритие се договара во траење од најмалку три, а најмногу 12 месеци.

(3) Должината на договорениот период на покритие во текот на траењето на осигурувањто се намалува сукцесивно за соодветниот период (број на денови) за кој бил пресметан надоместок. Кај наредниот прекин на работата осигурувачот е во обврска само за неискористениот период од периодот на покритие (остаток).

(4) Ако осигуреникот по прекинот на работата кој траел пократко од периодот на покритие сака повторно да има осигурително покритие за истиот или подолг период на покритие е должен да склучи ново осигурување. При склучување на новото осигурување ќе му се признае дел од премијата која отпаѓа на неискористениот дел од периодот на покритие.

(5) Осигурувањето престанува кога осигуреникот ќе го искористи правото од целиот период на покритие поради еден или повеќе прекини на работа.

**Штети од прекин на работа**
**Член 7**

(1) Штета од прекин на работа во смисла на овие услови се смета:

1. износот на нето добивката кој осигуреникот во периодот на застојот поради прекин на работа не можел да го оствари;

2. непокриениот износ на осигурените фиксни трошоци реализирани, односно настанати во тој период.

(2) Осигурувачот не е во обврска ако штетата поради прекин на работа биде зголемена:

1. поради вонредни настани кои настанале за време на прекинот на работата;

2. поради ограничување на повторна изградба односно поправка врз основа на одлука на надлежен орган или ограничување во производството;

3. поади тоа што осигуреникот не располага со доволно денарски или девизни средства или не бил во можност благовремено да изврши увоз потребен за обновување на стопанската дејност;

4. поради извршени промени и подобрување при обновата;

5. поради прекин на работа во друг, неосигурен и физички неоштетен погон, кој е последица на прекинот на работа во оштетениот погон;

6.поради последиците кај другите правни лица со кои оштетениот осигуреник има деловни односи или договори за кооперација иако има склучено осигурување од прекин на работа според овие услови;

7.поради исчезнување или уништување на пари, вредносни хартии, деловни книги, планови, цртежи, магнетски ленти, хард диск, софтвер, датотеки и други слични документи и уреди за складирање податоци во електронска форма.

**Сума на осигурување**
**Член 8**

(1) Сумата на осигурување ја утврдува осигуреникот вкупно или по елементи на еден од следните начини:

1) како сума на осигурување која претставува износ добиен со множење на годишните планирани - очекувани вредности со количникот на должината на периодот на покритие и периодот на траењето на осигурувањето (секогаш 12 месеци);

2) како сума на осигурување која претставува збир на динамични месечно утврдени износи;

(2) Износите од ставот (1) на овој член го претставуваат најнискиот износ на кој може да се склучи осигурувањето.

(3) Сумата на осигурување утврдена на еден од начините наведени во претходните ставови на овој член воедно претставува и највисока обврска на осигурувачот (лимит на покритие).

**Пресметка на премија**
**Член 9**

(1) Премијата се пресметува однапред, при склучување на осигурувањето. Не се врши конечна пресметка на премијата.

(2) Како основа за пресметка на премијата зависно од начинот на осигурување, е:

1) кај најнискиот износ утврден на почетокот на периодот на осигурување (член 8, став (1) прва алинеја);

2) кај месечно договорените износи - годишен збир на месечните износи (член 8, став (1), втора алинеја).

Оваа основица се зголемува за евентуално договореното зголемување, во смисла на член 8, став (3) од овие Услови.

**Обврски на осигуреникот кога ќе настане осигурениот случај**
**Член 10**

(1) Доколку настапи непосредна опасност или таа веќе почнала да се остварува, осигуреникот е во обврска за тоа истиот ден да го извести осигурувачот, усно или писмено. Доколку тоа исто не го направи или писмено не го потврди усното известување наредниот ден, осигурувачот може да утврди финансиски ефект за неисполнување на таа обврска и сразмерно на тоа влијание да го намали износот на надоместокот.

(2) Во случај на прекин на работа осигуреникот е должен:

1) да ги преземе сите потребни мерки за отстранување или намалување на штетата од прекин на работа, а особено да ги преземе мерките кои ќе го намалат времето на траење на прекинот и во тој поглед да се придржува на упатствата кои осигурувачот ги дава;

2) со цел да се намали штетата да ги преземе мерките во рамките на можноста работниците кои се останати без работа поради прекин на работа да ги вработи било во друг погон или друга организација.

3) на осигурувачот, неговите претставници и стручни лица да им дозволи истражување и утврдување на причината и висината на штетата и обемот на обврските за надомест на штета, на барање на осигурувачот писмено да ги даде сите известувања како и останатите документи кои можат да послужат за тоа. Особено, е должен за таа цел да ги стави на располагање деловните книги, биланси, инвентарни

листи, сметки, белешки за делување за време на тековната година, а по потреба и за претходната година.

(3) Ако осигуреникот направи повреда на некоја од обврските од став (1) и став (2) од точка 3 на овој член, осигурувачот не е во обврска да ја надомести штетата или пак да ја надомести само делумно, освен ако повредата не е предизвикана намерно или од крајно невнимание. Осигурувачот сепак ќе биде во обврска да ја надомести штетата ако повредата на должноста со крајно невнимание од став (1) и став (2) од точка 3 не била од влијание на утврдувањето на причината, обемот и висината на надоместокот. Исто така, осигурувачот ќе биде во обвска и во случај на повреда на обврските од став (2), точка 1 и со крајно невнимание, ако обемот на штетата не би бил помал и доколку осигуреникот обврската добро ја извршил.

**Надомест од осигурување**
**Член 11**

(1) На осигуреникот му се надоместува вистинскиот износ на осигурената нето добивка што не можел да ја оствари за време на прекинот на рабоа, но најмногу до поединечниот лимит на покритие.

(2) На осигуреникот му се надоместува вистинскиот износ на осигурените фиксни трошоци кои осигуреникот би ги имал и да не настанал прекинот на работа ако и понатаму се потребни и економски оправдани, но најмногу до поединечниот лимит на покритие.

(3) При утврдување на штетата поради прекин на работа треба да се земат во предвид сите околности кои позитивно или негативно би влијаеле на финансискиот резултат на осигуреникот и да не бил прекинот на работата.

(4) За прекинот на работата кој трае до пет дена, доколку поинаку не се договори, не се утврдува надоместок.

(5) Не може да се договори осигурување без учество на осигуреникот во надоместокот како и со учество помало од 10%.

(6) Надоместокот од осигурувањето не може да му служи на осигуруникот како основа за стекнување на неоправдана економска добивка.

(7) Доколку осигуреникот не ги исполнил обврските од став (2), член 3 на овие услови, односно не договорил соодветен доплаток, надоместокот во секој случај се пресметува сразмерно помеѓу договорената сума на осигурување и соодветната сума на осигурување за сите организациони единици на иста локација. Соодветната сума на осигурување се утврдува на ист начин како што е регулирано во став (1), член 8 од овие Услови.

**Утврдување на висината на надоместокот**
**Член 12**

(1) Висината на надоместокот се утврдува врз основа на познати и признати адекватни методи прилагодени и прикладни за секоја конкретна ситуација, со цел за што пообјективна и поточна процена, земајќи ја за основа евиденцијата, податоците и документите кои се верификувани од соодветни институции или се со таков карактер да претставуваат реална основа за таа цел.

(2) Под евиденција што е релвантана за утврдување на висината на надоместот се подразбира годишна сметка, финансиски извештаи и/или, годишен извештај на осигуреникот, согласно законските прописи.

(3) По правило се користат податоците од претходната деловна година или по потреба неколку претходни години.

## Надоместок на трошоците за отстранување и намалување на штетата
## Член 13

(1) Осигуреникот е должен да ги преземе сите потребни мерки да се спречи настапувањето на прекинот на работата, а кога до тоа сепак ќе дојде да ги преземе сите мерки во негова можност штетата да се намали или да не се зголемува.

(2) Доколку осигуреникот за непреземање на претходните мерки нема оправдани причини, обврската на осигурувачот се намалува за онолку за колку со тоа штетата е зголемена.

(3) Осигурувачот е должен да ги надомести без органичување трошоците од став (1) и тогаш кога преземањето на тие мерки не ги дало очекуваните резултати.

(4) Осигурувачот може, доколку осигуреникот не ги преземе договорените или наложените мерки ни по одредениот рок и поради тоа дојде до зголемување на штетата, да го намали надоместокот за соодветен износ.

## Обврски на осигуреникот кога ќе настане осигурениот случај
## Член 14

(1) Доколку настапи непосредна опасност или таа веќе почнала да се остварува, осигуреникот е во обврска за тоа истиот ден да го извести осигурувачот, усно или писмено. Доколку тоа не го направи или писмено не го потврди усното известување наредниот ден, осигурувачот може да утврди финансиски ефект за неисполнување на таа обврска и сразмерно на тоа влијание да го намали износот на надоместокот.

(2) Во случај на прекин на работа осигуреникот е должен:

1) да ги преземе сите потребни мерки за отстранување или намалување на штетата од прекин на работа, а особено да ги преземе мерките кои ќе го намалат времето на траење на прекинот и во тој поглед да се придржува на упатствата кои осигурувачот ги дава;

2) со цел да се намали штетата да ги преземе мерките во рамките на можноста работниците кои се останати без работа поради прекин на работа да ги вработи било во друг погон или друга организација.

3) на осигурувачот, неговите претставници и стручни лица да им дозволи истражување и утврдување на причината и висината на штетата и обемот на обврските за надомест на штета, на барање на осигурувачот писмено да ги даде сите известувања како и останатите документи кои можат да послужат за тоа. Особено, е должен за таа цел да ги стави на располагање деловните книги, биланси, инвентарни листи, сметки, белешки за делување за време на тековната година, а по потреба и за претходната година.

(3) Ако осигуреникот направи повреда на некоја од обврските од став (1) и став (2) од точка 3 на овој член, осигурувачот не е во обврска да ја надомести штетата или пак да ја надомести само делумно, освен ако повредата не е предизвикана намерно или од крајно невнимание. Осигурувачот сепак ќе биде во обврска да ја надомести штетата ако повредата на обврската сторена со крајно невнимание од став (1) и став (2) и точка 3 не била од влијание на утврдувањето на причината, обемот и висината на надоместокот. Исто така, осигурувачот ќе биде во обвска и во случај на повреда на обврските од став (2) точка 1 сторени со крајно невнимание, ако обемот на штетата не би бил помал и доколку осигуреникот обврската добро ја извршил.

**Важност на другите услови за осигурување**

**Член 15**

Овие Дополнителни услови се применуваат само заедно со соодветни посебни или дополнителни услови за осигурување од пожар и машини од кршење и Општите услови за осигурување имоти.

Овие Дополнителни услови за осигурување од прекин на работа поради пожар, кршење машини и некои други опасности со донесени на 7-мата седница на Управниот дборот на Еуролинк осигурување а.д.Скопје одржана на ден 16.01.2015 година со одлука број 0202-374/4 и се применуваат од истиот ден.